Уп. бр. 08-29

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на друштвата Фолксваген Акциегезелшафт со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Хоризон Роботикс со регистрирано седиште во канцелариите на Осирис Интернешнл Кајман Лимитед, Суит #4-210, Говернорс Сквер, 23 Лајм Три Беј Авенју, ПО Бокс 32311, Гранд Кајман KYI-1209, Кајмански Острови, преку полномошник адвокат Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 24.03.2023 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на создавање на целосно функционално друштво за заедничко вложување кое ќе биде активно во Народна Република Кина во секторот за интелигентно возење поднесено од страна на друштвата Фолксваген Акциегезелшафт со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Хоризон Роботикс со регистрирано седиште во канцелариите на Осирис Интернешнл Кајман Лимитед, Суит #4-210, Говернорс Сквер, 23 Лајм Три Беј Авенју, ПО Бокс 32311, Гранд Кајман KYI-1209, Кајмански Острови, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.12.2023 година, а дополнето на ден 23.12.2022 година, 22.02.2023 година и 27.02.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација кое се однесува на создавање на друштво со заедничко вложување кое ќе биде активно во Народна Република Кина во секторот за интелигентно возење, од страна на Фолксваген Акциегезелшафт со регистрирано седиште на адреса Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Хоризон Роботикс со регистрирано седиште во канцелариите на Осирис Интернешнл Кајман Лимитед, Суит #4-210, Говернорс Сквер, 23 Лајм Три Беј Авенју, ПО Бокс 32311, Гранд Кајман KYI-1209, Кајмански Острови

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Фолксваген Акциегезелшафт** е друштво кое котира на берза, со седиште во Волфсбуг (Германија) и е владејачко друштво на Фолксваген групацијата. Фолксваген Акциегезелшафт учествува во предложената трансакција преку КАРИАД Естонија, друштво кое е во целосна сопственост на КАРИАД, кое пак е зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциегезелшафт.

Фолксваген групацијата е активна на светско ниво во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, транспортни автобуси, шасии за автобуси и нивните придружни делови и дополнителна опрема, моторцикли и дизел мотори. Фолксваген групацијата вклучува неколку бредови, вклучувајќи ги Фолксваген Песинџер Карс, Фолксваген Лајт Комршал Вииклс, Порше, Ауди, Шкода, Бентли, Ламборџини, СЕАТ, ТРАТОН и Дукати.

Активностите на Фолксваген групацијата групацијата вклучуваат и електрични возила на батерии и хибридни електрични возила. Има развиено сопствена платформа исклучиво за возење на електрични возила. Понатаму, Фолксваген групацијата групацијата обезбедува финансиски услуги и услуги за осигурување за продажба и финансирање на патнички и комерцијални возила главно преку Фолксваген Фајненшл Срвисис АГ (Volkswagen Financial Services AG) и неговите зависни друштва.

Фолксваген групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

**Порше Лизинг ДООЕЛ Скопје**, со седиште на адреса Бул, Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана основна дејност-финансиски лизинг;

-**Порше Брокер АД Скопје**, со седиште на адреса Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана основна дејност-дејности на застапници во осигурување и осгурителни посредници;

-**Сканиа Македонија ДООЕЛ Илинден**, со седиште на адреса ул. 34 бр. 7 Илинден, Скопје и со регистрирана основна дејност-трговија со останати моторни возила и

-**Порше Македонија ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул. Босна и Херцеговина бр. 3, Скопје и со регистрирана основна дејност-трговија со автомобили и моторни возила од лесна категорија.

-**Хоризон Роботикс** е основан во 2015 година и обезбедува енергетско ефикасни компјутерски решенија за напредни системи за помошници за возачи и автономно возење за smart возила, со мисија да се направи човечкиот живот побезбеден и подобар. Хоризон Роботикс комерцијализира вградени НСПВ и АВ производи за патнички возила во Кина и е посветено на подобрување на искуствата со smart возење од новата генерација преку интегрирање на хардвер и софтвер, вклучувајќи хардверски компјутерски решенија со мала моќност и алатки за развој на отворен софтвер.

Хоризон Роботикс учествува во предложената трансакција преку своето зависно друштво во целосна сопственост Хоризон Тогедер Холдинг Лтс.

Хоризон Роботикс не е активно и не остварува приходи во Северна Македонија.

-**Заедничкото вложување** ќе се основа во Народна Република Кина и неговиот примарен деловен фокус ќе биде Народна Република Кина.

Заедничкото вложување ќе биде активно во секторот за интелигентно возење. Ќе биде активно во истражување, развој и снабдување со софвери за примена во автономното возење, системи за само-управувачки возила и системи во чип, како и во обезбедувањето на услуги по продавањето на своите производи и обуки, консултации, тестирање и технички услуги поврзани со своите производи. Поконктрено, заедничкото вложување ќе снабдува производители на автомобили со чипови за интелигентно возење и софтвери за интелигентно возење, одделно. Примарните клиенти на заедничкото вложување ќе бидат заедничките вложувања на Фолксваген групацијата во производството на автомобили во Кина.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или

нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**